УДК 316.723:316.346.2-055.2(497.1-25)(063)

**Трпески Даворин (Скопје, Македонија)**

**ROAMING ANTHROPOLOGY SEMINAR III ВО БЕЛГРАД 2004 ГОДИНА**

Веќе во континуитет, почнувајќи од 2001 година, во организација на Клубот на студенти по етнологија и културна антропологија од Белград, по третпат, во периодот од 14 до 18 мај 2004 година, на Авала, во близина на Белград, се одржа студентскиот семинар Roaming anthropology III. На семинарот учество зедоа студенти од одделенијата за етнологија и културна антропологија од четири држави (Србија и Црна Гора, Словенија, Хрватска и Македонија). Уште на почетокот, на првиот семинар, кој се одржа, исто така, во Белград во 2001 година како тема се наметнаа субкултурите. За време на вториот семинар, одржан во Охрид во 2002 година, и понатаму беше задржана истата тенденција и беа одржани предавања на темата субкултури. Ако карактеристика за првите два семинари беа предавањата од страна на еминентни професори на зададената проблематика, на последниот семинар, за разлика од претходните два, доминираа студентите со своите трудови на веќе наведената тема. Вкупниот број на учесниците беше околу триесет, студенти на додипломски и постдипломски студии. Всушност, од секоја од наведените држави имаше по околу седум студенти.



Семинарот беше исполнет со по две сесии дневно, една претпладневна и една попладневна, а на секоја попладневна сесија покрај презентирањето на трудовите од страна на студентите имаше и по едночасовно предавање за дадена проблематика од страна на некој професор. Исто така, на крајот од секоја сесија имаше оставено и простор за дискусија.

Главно, на семинарот беа застапени студентски трудови кои разработуваа најразлични проблематики од областа на субкултурите, започнувајќи од теми поврзани со традиционалната култура, односно „Женската субкултура и статусот на копилешката во македонската традициска култура“, и „Како што ќе рече баба ми... за хомосексуалноста во српската традициска култура“. Исто така, од аспект на урбаната антропологија поединечно беа претставени „Геј-сцената во Загреб“; „Геј-

сцената во Скопје"; потоа „Возачите на товарни камиони во меѓународниот промет"; „Чефурите: меѓу руралното и урбаното" (Чефури е термин кој се однесува за доселениците од поранешните југословенски републики во Словенија и има потсмешлово значење); „Панк-сцената во Скопје"; „Турбо-фолкот во Љубљана"; „Изменти состојби на свеста"; „Скинхедсите како поткултура во Хрватска"; „Поткултурата хардкор во Србија"; „Поткултурата ролплеј во Хрватска"; „Улична уметност во Словенија"; „Студентскиот forum.ffzg.hr како субкултура"; „Субкултурите во антропологијата на туризмот"; „Гробарите и нивниот однос кон смртта"; „Атеизмот како поткултурен феномен" и „Како денес против културата". Од аспект на политичката антропологија беа претставени трудовите: „Претседателските избори во Македонија - натпревар на политичките партии како своевидни субкултури"; „Идентитетот и идеологијата на една `македонска' политичка партија".

Во рамките на третиот семинар покрај учеството на студентите, треба да се спомнат и предавањата на одредени професори, како што се: доц. д-р Рајко Муршич од Одделението за етнологија и културна антропологија при Филозофскиот факултет од Љубљана, потоа м-р Мима Лукиќ – Крстановиќ од Одделението за етнологија и културна антропологија при Филозофскиот факултет од Белград, како и д-р Иван Чоловиќ од Етнографскиот институт при Српската академија на науките и уметностите од Белград и проф. д-р Милан Вукомановиќ од Одделението за социологија при Филозофскиот факултет од Белград.

Според организаторите на семинарот (КСЕА – Белград), ова беше последниот од циклусот семинари Roaming anthropology, но, сите учесници сметаат дека тенденцијата „дружење со антропологијата" треба да